***Автори:*** *Александар Кржаловски и Фанија Ивановска*
***Дата:*** *декември 2016 г.*
***PDF:*** sporedba-na-anketite-so-rezultatite-od-izborite.pdf



Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) во рамките на своите активности за следење на вонредните парламентарни избори ги следеше и објавите на другите агенции за рејтингот на политичките партии. Во функција на транспарентно информирање на јавноста, МЦМС на 6 декември 2016 година објави преглед на прогнозите на секоја од шест агенциите за мерење на рејтингот на политичките партии, кои објавија свои анализи пред изборите.

Прегледот беше направен врз основа на информации доставени до МЦМС (за анкетата спроведена од М-Проспект) и врз основа на објавите во медиумите (за анкетите на Рејтинг, Фактор Плус Адриа, Павел Шатев, Брима, Димитрија Чуповски).

Во овој извештај, се прави споредба на објавените прогнози со остварените резултати на изборите, согласно информацијата на Државната изборна комисија од 12 декември 2016 година, за првични официјални резултати.